ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/2012, 55/13, 163/13 и 42/14) а во врска со член 123 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15193/15 и 31/16) Градоначалникот на Општина Битола го издава следното:

# СООПШТЕНИЕ

СЕ ИЗВЕСТУВААТ граѓаните и правните лица од просторот опфатен со Нацрт **Детален урбанистички план за Блок „СТАР ПРОГРЕС„ – Општина Битола,** дека Градоначалникот на Општина Битола донесе Одлука за организирање на:

**ПОВТОРНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА и ЈАВНА АНКЕТА по Нацрт Детален урбанистички план за Блок „СТАР ПРОГРЕС„– Општина Битола**

Границата на Нацрт **Детален урбанистички план за Блок „СТАР ПРОГРЕС„ – Општина Битола,** се движи: на северозапад по дел на граница на опфат на ДУП за „Тумбе кафе„, на север по осовина на собирна улица по ГУП на град Битола (СРУ1 по ДУП за АРМ), на североисток по осовина на ул. „Македонска фаланга, (поранешна Иво Лола Рибар), на југоисток по осовина на ул. „Буковска„.

Опфатот на вака предложениот ДУП има површина од 1,72 ха.

Нацрт планот е утврден со Одлука на Советот на Општина Битола.

Повторната Јавна Презентација по Нацрт **Детален урбанистички план за Блок „СТАР ПРОГРЕС„ – Општина Битола,** ќе се одржи на ден **18.04.2016 г. (понеделник) во 10.00 часот** во Салата на Совет на Општина Битола, на ул. Бул. 1 ви Мај бр. 61.

Нацртот на **Детален урбанистички план за Блок „СТАР ПРОГРЕС„ – Општина Битола**, ќе биде изложен на огласна табла во просториите на Општина Битола почнувајќи од 18.04.2016 год. до 04.05.2016 год.

Во одредениот рок заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот, анкетните листови ги предаваат во архивата на Општина Битола каде добиваат деловоден број.

Се повикуваат правните и физички лица од конкретното подрачје на Планот масовно да земат учество во јавната анкета, бидејќи тоа е од наш заеднички интерес.

08-588
13.04.2016 год.
БИТОЛА

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**Владимир Талески**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија

тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk